УЖ.бр.855/2012

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите Лидија Каначковиќ - Претседател на советот и судиите Загорка Тноковска и м-р Џемали Саити-членови на советот, со записничар Верица Гавровска-Петровска, судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Државниот правобранител на Република Македонија-Скопје – Дирекција за заштита на лични податоци, против пресудата на Управниот суд У.бр.7808/2009 од 19.12.2011 година, за заштита на лични податоци на седница на советот одржана на ден 03.07.2012 година, донесе

10.08.2012г.
Уп 07-7

## П Р Е С У Д А

Жалбата на Државниот правобранител на Република Македонија-Скопје – Дирекција за заштита на лични податоци СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Управниот суд У.бр.7808/2009 од 19.12.2011 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

Тужбата на тужителот Скопје СЕ УВАЖУВА.

Оспореното решение на овластените лица за вршење на инспекциски надзор во Дирекцијата за заштита на личните податоци У.бр.07-7 од 02.12.2009 година во точка 1 СЕ ПОНИШТУВА, а точките 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11,12,13 и 14 од ова Решението остануваат во сила.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресуда У.бр.7808/2009 од 19.12.2011 година, ја уважил тужбата на тужителот и го поништил оспореното решение на овластените лица за вршење на инспекциски надзор на Дирекцијата за заштита на личните податоци У.бр.07-7 од 02.12.2009 година.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави Државниот правобранител на Република Македонија-Скопје – Дирекција за заштита на лични податоци поради суштествена повреда на одредбите од постапката, погрешно и непотполно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и предлага жалбата да се уважи и предметот да се врати на повторно одлучување или преиначи.

Тужителот не достави одговор на жалбата.

УЖ.бр.855/2012

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата и одговорот на жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е основана.

Од увидот во списите на предметот судот утврди дека од страна на Директорот на Дирекцијата за заштита на лични податоци, до тужителот на 28.09.2009 година било доставено известување за вршење на редовен инспекциски надзор во согласност со Законот за заштита на личните податоци. На ден 09.09.2009 година и 18.09.2009 година овластени лица за контрола на Дирекцијата за заштита на лични податоци извршиле редовен инспекциски надзор. По извршената контрола е составен записник број 07-7 од 09.11.2009 година во кој се утврдени повреди на Законот за заштита на личните податоци. Врз основа на записникот е донесено оспореното решение, кое се состои од 14 точки. Во став 1, од Решението се задолжува главниот извршен директор на да преземе дејствија и активности за отстранување на повредите утврдени врз основа на записникот.

Во точката 1 од оспореното решение стои: „1.Во пост-пејд претплатничкиот договор да не се обработуваат личните податоци за претплатниците (занимање/титула, регистарски број и тип на документот за идентификација) без да постои законски основ и без да се наведе задолжителноста на давањата одговори. Рок од денот на приемот на решението.

Тужителот со тужба за управен спор пред Управниот суд го оспорува наведеното решение само во точката еден (1).

Управниот суд со пресуда У.бр.7808/2009 од 19.12.2011 година, ја уважил тужбата на тужителот и го поништил во целост оспореното решение на овластените лица за вршење на инспекциски надзор на Дирекцијата за заштита на личните податоци У.бр.07-7 од 02.12.2009 година.

Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата на жалителот најде, дека се сторени суштествени повреди на постапката, кога е поништено оспореното решение во целост што обжалената пресуда ја прави незаконска.

Согласно член 37 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија" број 62/06 и 150/10), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но при тоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 7-а од истиот закон, доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Според член 360 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/05, 110/08,83/09 и 116/10 ), ако утврди дека со првостепената пресуда е пречекорено тужбеното барање, второстепениот суд според природата на пречекорувањето на тужбеното барање, со решение ќе ја укине пресудата на првостепениот суд и предметот ќе му го врати на повторно судење на тој суд, односно со пресуда ќе ја преиначи првостепената пресуда.

Вишиот управен суд најде дека Управниот суд сторил суштествена повреда на постапката со тоа што при одлучувањето по тужбата на тужителот одлучувал надвор од тужбеното барање и го поништил оспореното решение во целост и покрај тоа што предмет на спор бил само став 1 точка 1 од оспореното решение.

Во образложението на обжалената пресуда Управниот суд се осврнува и образлага за основаноста на тужбата само на точка 1 од оспореното решение У.бр.07-7 од 02.12.2009 година и покрај тоа што во диспозитивот на пресудата го поништил решението во целост. Со ваквото образложение на Управниот суд во поглед на точката 1 од оспореното решение се согласува и овој суд.

Поништувајќи го во целост оспореното решение Управниот суд сторил повреда на член 37 став 1, а во врска со член 42-г од Законот за управните спорови. Наоѓајќи дека управната работа може да ја реши Вишиот управен суд согласно член 360 од Законот за парничната постапка ја уважи жалбата и ја преиначи пресудата на Управниот суд со тоа што го поништи оспореното решение само во точката 1, а останатите точки од решението ги остави во сила.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните и член 360 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 03.07.2012 година под УЖ.бр.855/2012.

Записничар-судски соработник
Верица Гавровска-Петровска с.р.

Претседател на совет-Судија
Лидија Каначковиќ с.р.

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА

/МА